**Република Македонија**

**Бр. ______________**

**___________ Скопје**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Име на материјалот: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската Банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 -делница Куманово - Бељаковце“, по скратена постапка

Усогласеност со Програмата на Владата: Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот: На првата наредна седница на Владата

Доверливост на материјалот: НЕ

Итност на материјалот: ДА

Прилог:
- Мислење од Секретаријат за законодавство
- Мислење од Министерство за транспорт и врски
- Образец за фискални импликации
- Образец за проценка на влијание на регулативата
- Договор за заем ( на англиски и македонски јазик )

| | |
|---|---|
| Дата на доставување на материјалот:<br><br>Скопје, .2012 година | ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА<br>И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>м-р Зоран Ставрески<br><br>___________________________ |

Изработил: Драгана Гошевска / Татјана Калиновчиќ
Контролирал: Кристина Павловска/м-р Андрија Алексоски
Согласен: Дејан Николовски
Одобрил: Сузана Пенева
Наташа Стојмановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон
за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската Банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, делница Куманово - Бељаковце“, по скратена постапка

________________________________
м-р Зоран Ставрески
Заменик Претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

Скопје, _________ 2012 година

Изработил: Драгана Гошевска/Татјана Калиновчиќ
Контролирал: Кристина Павловска/м-р Андрија Алексоски
Согласен: Дејан Николовски
Одобрил: Сузана Пенева
Наташа Стојмановска

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, Заменик претседател на Влада и министер за финансии
г-дин Миле Јанакиески, министер за транспорт и врски
г-дин Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ:
Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии
Елена Кузмановска, државен секретар, Министерство за транспорт и врски
Сузана Пенева, државен советник, Министерство за финансии
Дејан Николовски, раководител на сектор, Министерство за финансии
Билјана Здравева, раководител на сектор, Министерство за транспорт и врски

Предлог на Закон
за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската Банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1-делница Куманово - Бељаковце“, по скратена постапка

Скопје, ______ 2012

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. ________
___________ Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132,137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската Банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце", по скратена постапка, што го утврди на седницата одржана на _____________________.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, Заменик претседател на Влада и министер за финансии, Миле Јанакиески, Министер за транспорт и врски и Недим Рамизи, Заменик министер за финансии, а за повереници Наташа Стојмановска, државен секретар, Министерство за финансии, Елена Кузмановска, државен секретар, Министерство за транспорт и врски, Сузана Пенева, државен советник, Министерство за финансии, Дејан Николовски, раководител на сектор, Министерство за финансии и Билјана Здравева, раководител на сектор, Министерство за транспорт и врски.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
м-р Никола Груевски
________________________________

ВОВЕД:

1. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Коридорот VIII е еден од десетте Пан – Европски коридори кој ги поврзува Јадранското и Црното Море. Коридорот VIII во Република Македонија започнува на границата со Република Бугарија, потоа преку Крива Паланка-Бељаковце-Куманово-Скопје-Кичево завршува на границата со Република Албанија и истиот не е целосно изграден. Постоечката линија од Куманово до Бељаковце била завршена во 1956 година и истата била во функција до средината на 1996 година.

Со воспоставување на овој Коридор ќе се развие систем на превоз што ќе придонесе кон зголемување на трговската размена меѓу Албанија, Македонија и Бугарија, односно подобрување на приодот и поврзување со соседните земји, во функција на подобрување на конкурентноста и развојот на економијата и комуникацијата со европските земји. Со рехабилитацијата на оваа делница ќе се придонесе кон намалување на трошоците за нејзино одржување и обезбедување на сигурен сообраќај, односно кон подобрување на безбедноста при транспорт на луѓе и добра, заштеди во време, како и еколошки придобивки.

Делот од Коридорот VIII кој поминува низ Република Македонија е во должина од околу 313 км и се состои од источен, централен и западен дел. Источниот дел води до границата со Република Бугарија и е составен од три делници:

- Делница 1: Се базира на постоечката линија од Куманово до Бељаковце;
- Делница 2: Бељаковце – Крива Паланка и
- Делница 3: Крива Паланка – Деве Баир, граница со Република Бугарија.

Проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“, предвидува рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII на делницата Куманово – Бељаковце со должина од 30,8 км.

Делницата на пругата Куманово –Бељаковце треба да биде составена од:

- три станици: 1) Куманово Ново на К.М. 6,8 со два колосека; 2)Шупли Камен на К.М. 17,4 со два колосека и еден колосек за утовар; и 3) Бељаковце на К.М. 30,5 со два колосека и еден колосек за утовар); и
- 6 стојалишта (Лопате на К.М. 2,8; Перо Чичо на К.М. 9,1; Проевце на К.М. 12,2; Доброшане на К.М. 14; Клечевце на К.М. 24,8 ; и Довезанце на К.М. 27,863).

Со реализацијата на овој Проект се предвидуваат следните активности:

–обнова на шините од надградениот дел од колосекот, кој ќе биде повторно баластиран и поместен;

–целосна обнова на колосекот на станицата Шупли Камен;

–елиминирање на постоечкото тесно грло на северниот крај на станицата во Куманово, преку директно поврзување на пругата со вториот колосек на станицата;

–поставување на безбедносен/антибучавен ѕид за заштита на соседството од железничкиот сообраќај во населбата Перо Чичо;

–реконструкција на постоечките армирано - бетонски мостови;

–опремување на постоечките патни надвозници со заштита од електричен удар и

кондуктор за заземјување;
–замена на челичниот мост во Лопате со мост со баластиран колосек;
–замена на руинираниот железнички мост над реката Пчиња и поставување на нов и
–замена на постоечките 18 нивелирани премини со 12 над/подвозници – вон ниво.

Потребните средства за реализација на оваа инвестиција изнесуваат 46.400.000 ЕВРА. Истите ќе бидат обезбедени преку заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Дополнително, ЕБОР обезбеди грант средства во износ од 300.000 ЕВРА како помош во програмата за институционално зајакнување и 350.000 ЕВРА грант за имплементација на Информативен систем за енергетско управување.

За овој проект, Владата на Република Македонија на 12-та седница одржана на 12.09.2008 година прифати иницијатива за задолжување во странство, согласно процедурата во Законот за јавен долг. Министерството за финансии се обрати до соодветните меѓународни финансиски институции и оствари прелиминарни контакти за обезбедување на потребните средства за финансирање на проектот, при што ЕБОР беше избрана за најповолен понудувач за финансирање на Проектот.

На 15.10.2010 година, ЕБОР обезбеди грант средства во износ од 500.000 ЕВРА. Со дел од овие средства до 05.12.2011 година изработена е Физибилити студија за изградба на источниот дел на железничкиот Коридор VIII. Со остатокот од овие средства се изработува Студија за оценка на влијанието врз животната средина и социјалното опкружување (ЕСИА). Нацрт верзијата на Студијата за оценка на влијанието врз животната средина и социјалното опкружување е изработена и објавена на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање на 09.03.2012 година, од кога почнува да тече периодот од 120 дена за јавни консултации. До 09.07.2012 година, ресорното Министерство треба да издаде Решение за прифаќање на студијата.

Покрај тоа, со поддршка од ЕБОР преку инструментот Инвестициска рамка за Западен Балкан (ВБИФ) на 23.06.2011 година обезбени се грант средства во износ од 1.500.000 ЕВРА за изработка на проектна и тендерска документација и на 14.06.2012 година обезбедени се 2.500.000 ЕВРА за вршење на надзор врз изградбата на делницата Куманово - Бељаковце. Во јули 2011 година започна постапката за избор на консултантска куќа која ќе ги изработи основните проекти за оваа делница, како и тендерската документација за избор на фирма која ќе ги изведува градежните работи на оваа делница. Договорот со избраната куќа е склучен на 29.03.2012 година и консултантот до декември 2012 треба да ги изработи основните проекти и тендерската документација.

По изготвување на потребните студии и утврдување на вкупниот износ на потребни средства за реализација на инвестицијата, Министерството за финансии и ЕБОР пристапија кон преговори за финансирање на проектоти на 08.06.2012 година го усогласија текстот на Договорот за заем. Согласно утврдените процедури, ДОговорот за заем со ЕБОР може да се склучи по одобрување на проектот од Одборот на директори на ЕБОР и донесување на Законот за задолжување од Собранието на Република Македонија, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08 и 35/11). Проектот ќе биде одобрен од страна на Одборот на директори на ЕБОР на состанокот кој ќе се одржи на 24.07.2012 година.

2. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Проектот за изградба на железничка пруга на источниот дел од Коридор VIII (Куманово – Деве Баир, граница со Република Бугарија), на делницата Куманово – Бељаковце е предвиден во стратешките документи усвоени од Владата на Република Македонија, поточно во Програмата за јавни инвестиции 2011-2013.

Главна цел на овој Проект е рехабилитација на железничката пруга на Коридор VIII на делницата Куманово – Бељаковце.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“.

Република Македонија и ЕБОР ќе склучат Договор за заем наменет за реализација на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“, во износ од 46.400.000 ЕВРА.

Проектот ќе го имплементира Министерството за транспорт и врски, преку Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ - Скопје. Заемот ќе се отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

3. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупната вредност на Проектот финансиран со заем од ЕБОР изнесува 46.400.000 ЕВРА. Заемот ќе се отплаќа од Буџетот на Република Македонија.
Дополнително, за реализација на предвидените активности, Министерството за транспорт и врски треба во својот буџет да обезбеди средства за подмирување на обврските по основ на ДДВ.

4. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на законот се образложени во Дел 3 на овој Предлог на Закон и во Образецот за фискални импликации, даден во прилог на овој материјал.

5. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ПРОЕКТОТ „РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ИСТОЧНИОТ ДЕЛ ОД ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ПРУГА НА КОРИДОР VIII, ФАЗА 1 - ДЕЛНИЦА КУМАНОВО-БЕЉАКОВЦЕ“

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската Банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската Банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската банка за обнова и развој со заем во износ од 46.400.000 ЕВРА, наменет за реализација на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Европската банка за обнова и развој.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од 4 години.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%. Каматната стапка се плаќа на годишно ниво.

Република Македонија ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1 %од износот на заемот.

За износот на неповлечените средства од заемот на Европската банка за обнова и развој ќе и се плаќа провизија во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот. Провизијата на неповлечените средства се плаќа на годишно ниво.

Член 4

Проектот ќе го имплементира Министерството за транспорт и врски преку Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ - Скопје, кои ќе склучат Договор за имплементација и за регулирање на меѓусебните права и обврски.

Член 5

Република Македонија, заемот од член 1 на овој закон, ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

1. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ:

Проектот вклучува рехабилитација на железничката пруга на Коридор VIII на делницата Куманово – Бељаковце со должина од 30,8 км.

За реализација на овој проект обезбеден е заем од ЕБОР во износ од 46.400.000 ЕВРА. За таа цел, ќе се склучи Договор за заем меѓу Република Македонија и ЕБОР по проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, делница Куманово - Бељаковце“. Усогласениот текст на Договорот за заем е даден во прилог.

Услов за склучување на Договорот за заем е донесување на Законот за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на Договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08 и 35/11).

Проектот ќе го имплементира Министерството за транспорт и врски, преку Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ - Скопје, кои ќе склучат меѓусебен договор за регулирање на правата и обврските. Заемот ќе се отплаќа со средства од Буџетот на Република Македонија. Дополнително, за реализација на предвидените активности, Министерството за транспорт и врски треба во својот буџет да обезбеди средства за подмирување на обврските по основ на ДДВ.

Рокот на отплата на заемот од член 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс период од четири години. Заемот ќе се отплаќа на 22 полугодишни рати, на 20-ти април и 20-ти октомври секоја година, започнувајќи од 20 октомври 2016 година.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%. Каматната стапка се плаќа на годишно ниво. Дополнително, постои можност за избор на фиксна каматна стапка, според процедура утврдена во Договорот за заем.

Република Македонија ќе и плати на ЕБОР еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот, трошок кој ќе биде исплатен од средствата од заемот.

За износот на неповлечените средства од заемот на ЕБОР ќе и се плаќа провизија во висина од 0,5% од износот на неповлечените средства од заемот. Провизијата на неповлечените средства се плаќа на годишно ниво.

Повлекувањето на заемот ќе се врши во транши. Минималниот износ на траншата изнесува 250.000 ЕВРА. Средствата од заемот од ЕБОР ќе ги повлекува Министерството за транспорт и врски. Министерството за транспорт и врски ќе отвори посебна девизна сметка во Народната банка на Република Македонија, на која ќе се повлекуваат средствата од заемот и истовремено ќе отвори кореспондентна денарска сметка во рамките на единствената трезорска сметка.

Повлечените средства од заемот од трезорската сметка на Министерството за транспорт и врски, согласно динамиката на изведба на проектот, ќе бидат повлекувани на посебна наменска сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ - Скопје отворена во деловна банка, преку која Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ - Скопје ќе врши исплата на обврските по однос на склучените договори за набавка на стоки, услуги и работи за проектот.

Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ - Скопје ќе склучат посебен Договор за имплементација на проектот, со кој ќе ги регулираат правата и обврските по однос на имплементацијата на проектот, како и начините и условите за префрлање на средствата од заемот од трезорската сметка на Министерството за транспорт и врски во НБРМ на наменската сметка на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ - Скопје.

Со цел да се обезбеди координација, управување, надзор и евалуација на сите аспекти од имплементацијата на проектот, вклучувајќи и набавка на стоки и услуги за проектот, ќе биде формирана Единица за имплементација на проектот (ЕИП) која ќе биде составена од лица вработени во Министерството за транспорт и врски, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ – Скопје и избраната консултантска фирма.

За потребите на Проектот, ќе бидат ангажирани следните консултанти:

(1) Консултанти кои ќе помагаат во развивањето на соодветна методологија за наплата на надомест за пристап за користење на железничката инфраструктура (во согласност со следење на обемот на сообраќај со цел да се пресметаат приходите од надоместокот за пристап за користење на железничката инфраструктура) и развивањето на алатки за имплементација на методологијата;

(2) Консултанти кои ќе обезбедат поддршка на ЕИП при имплементација на проектот; и

(3) Консултанти кои ќе обезбедат поддршка на ЕИП во спроведување на Информативен систем за енергетско управување.

**<u>Обврски на заемопримачот кои ќе произлезат од Договорот за заем:</u>**

(а) Да ги превзема сите активности потребни за обезбедување на соодветни средства за завршување на проектот;

(б) До 1 јануари 2015 година, преку Министерството за транспорт и врски да обезбеди дека ЈП за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ одржува режим за пристап за користење на железничката инфраструктура, со цел да се овозможи пристап до мрежата на транспарентен начин на трети страни; и

(в) Преку Министерството за транспорт и врски да обезбеди дека ЈП за железничка инфраструктура „Македонски Железници“:

> (1) до 30 март 2013 година да подготви и достави до ЕБОР и до заемопримачот финален предложен список за несуштински објекти и план за одвојување на несуштинските објекти за разгледување и одобрување;
>
> (2) до 31 декември 2014 година да го заврши одвојувањето на несуштинските објекти;
>
> (3) до 30 јуни 2014 година да ја подготви конечната верзија од ревидираната методологија за пристап за користење на железничката инфраструктура во согласност со насоките на ЕУ за секторот железници, со што ќе им се овозможи пристап на трети страни до мрежата на транспарентен начин;

(4) до 31 декември 2014 година Управниот одбор на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Македонски Железници“ – Скопје да ја усвои ревидираната методологија за пристап за користење на железничката инфраструктура и истата да се објави на веб - страната на Јавното претпријатие;

(5) до 30 јуни 2013 година да ја заврши ревизијата за енергетска ефикасност и да го финализира приоритетниот инвестициски план за енергетска ефикасност;

(6) до 30 септември 2013 година да усвои приоритетен инвестициски план за енергетска ефикасност и до 30 март 2015 година да го заврши спроведувањето на тој план;

(7) до 31 декември 2013 година да воспостави Сектор за енергетска ефикасност во ЈП МЖ Инфраструктура - Скопје;

(8) до 31 декември 2014 година да воведе Информативен систем за енергетско управување;

(9) по завршување на Проектот да ги објавува своите резултати за управување со енергија и нејзина потрошувачка на својата веб-страна;

(10) до 30 јуни 2014 година да ја заврши анализата на Договорот за снабдување со електрична енергија и да ги спроведе препораките содржани таму; и

(11) да одржува коефициент сооднос на годишно ниво во кој трошоците од работење нема да бидат поголеми од приходите.

**<u>Услови за ефективност на заемот:</u>**

• Да се назначи консултант, прифатлив за ЕБОР, кој ќе обезбеди поддршка на ЕИП во имплементацијата на проектот.

•Да се достави правно мислење потпишано од министерот за правда прифатливо за ЕБОР со кое се потврдува дека Договорот за заем е соодветно извршен и валиден и претставува правна обврска за Република Македонија во согласност со неговите услови.

2.МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

3. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Коридорот VIII е еден од десетте Пан – Европски коридори кој ги поврзува Јадранското и Црното Море.

Со реализацијата на проектот ќе се обезбеди рехабилитација на железничката пруга на

Коридорот VIII, на делницата Куманово – Бељаковце со должина од 30,8 км.

Со воспоставување на овој Коридор ќе се развие систем на превоз што ќе придонесе кон зголемување на трговската размена меѓу Албанија, Македонија и Бугарија, односно подобрување на приодот и поврзување со соседните земји, во функција на подобрување на конкурентноста и развојот на економијата и комуникацијата со европските земји. Со рехабилитацијата на оваа делница ќе се придонесе кон намалување на трошоците за нејзино одржување и обезбедување на сигурен сообраќај, односно кон подобрување на безбедноста при транспорт на луѓе и добра, заштеди во време, како и еколошки придобивки.

ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| 1. Назив на предлогот:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 -делница Куманово - Бељаковце“, по скратена постапка | 2. Министерство / орган на државна управа:<br>Министерство за финансии |
| 3.Цел на предлогот:<br>**Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за финансирање на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 -делница Куманово - Бељаковце“, по скратена постапка** | 4. Вид на предлог:<br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по Договорот за заем за проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 -делница Куманово - Бељаковце“, по скратена постапка |
| 5. Контакт лице и звање:<br>Сузана Пенева, државен советник | 6. Контакт тел./факс или е-пошта:<br>тел: 3106 454<br>e-mail: suzana.stoimceva@finance.gov.mk |

7. Активност:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | (**X**) Нова програма<br><br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето / предложената активност: Проект има за цел рехабилитација на железничката пруга на Коридорот VIII на делницата Куманово – Бељаковце.

10. Врска со владината програма: Предлогот на закон е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија.

| 11. Фискални импликации: | (илјади денари) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 15.106 | 16.871 | 19.517 | 22.164 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| В. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Д. Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Ѓ. Зголемување / намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: Заем од Европска банка за обнова и развој | 61.310 | 122.620 | 183.930 | 183.930 |
| 12. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 13. Какви гаранции, краткорочен револвинг кредити или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година и надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии: | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | | | |
| 20.Одговор од Министерството за финансии: | | | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | | | |
| 22. Одобрено/Дата:<br><br>____________________________<br>Потпис на државен секретар или директор на орган | __________/2012<br>Ден / месец / год. | ________________________<br>Потпис на Заменик претседател на Влада и министер за финансии | __/2012<br>Ден / месец / год. |

Изработил: Драгана Гошевска / Татјана Калиновчиќ
Контролирал: Кристина Павловска/м-р Андрија Алексоски
Согласен: Дејан Николовски
Одобрил: Сузана Пенева
Наташа Стојмановска